**СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА**

# М И С Л Е Њ Е
## на Надзорен одбор кон предлог Одлуката за именување на член на Надзорен одбор

март, 2015 година

**М И С Л Е Њ Е**

**на Надзорен одбор кон предлог Одлуката за именување на член на Надзорен одбор**

Согласно член 67 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола НО бр.02-469/I-2 од 21.01.2015 година (Пречистен текст), Надзорниот одбор на Банката се состои од 7 члена, од кои два члена се независни. Моменталниот број на членови на Надзорниот одбор на Банката е 7 (седум), од кои на 1 (еден) член мандатот му истекува на 31 (триесет и први) 10 (октомври) 2015 година. Заради дополнување на бројот на членови на Надзорен одбор, односно заради исполнување на одредбите на Статутот, потребно е именување на 1(еден) член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

Согласно член 388-б, став 4, од законот за трговски друштва, за точките за кои нема предлог одлуки за донесување по предложената точка потребно е овластен орган (Надзорен одбор на Банката) да даде мислење кое ќе биде објавено на интернет страната на Банката.

Согласно член 390 од Законот за трговски друштва, предлог одлуките треба да се доставаат во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Јавниот повик за одржување на седница на собрание, а согласно чл.344, став 4 од Законот за трговски друштва, податоците за кандидатите за членови на Надзорниот одбор треба да им бидат достапни на акционерите најмалку 7 дена пред Собранието на Банката да пристапи кон избор.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Битола, февруари, 2015 година**

**Претседател**

**Г-дин Ненад Јосифовиќ**